# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Број 9

08.07.2022 година

Службен гласник на општина Делчево

Излегува по потреба

Уредува

Одделение за правни и општи работи

ЈУЛИ

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 08.07. 2022 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ АКТИ ОД ЕДИНАЕСЕТТАТА СЕДНИЦА
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

I

Да се објават во „Сл.гласник на општина Делчево“, актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на својата **Единаесетта седница**, одржана на **07.07.2022** година и тоа:

1.**Одлука** за измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2022 година;

2.**Одлука** за утврдување на приоритет на инвестицијата;

3. **Одлука** за утврдување на намената на инвестицијата;

4.**Одлука** за одобрување на финансиски средства за ЈЛБ „Илинден“-Делчево;

5.**Одлука** за одобрување на финансиски средства на КК „Патриот 2016“ Делчево;

6.**Одлука** за финансиска поддршка на КУД Гоце Делчев Делчево;

7. **Одлука** за парична помош на Аце Трајановски од Делчево.

8.**Одлука** за утврдување на реони во општинските основните училишта од Општина Делчево;

9.**Одлука** за ослободување од плаќање од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на Пречистителна станица за вода за пиење со намена Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдување (станица за пречистување и дезинфекција) – административна зграда, КО Тработивиште во општина Делчево;

10.**Заклучок** за усвојување на Тромесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за периодот 01.01.2022 -31.03.2022 година, број 0102-150/1 од 19.04.2022 година;

11. **Одлука** за прифаќање иницијатива на Советот на Општина Штип за воспоставување меѓуопштинска соработка за вршење на работи во рамките на проектот „Дигитализација на општинските услуги во Источен плански регион“.

12. **Решение** за именување членови на Комисијата за доделување награди и признанија на општина Делчево;

13.**Одлука** за давање согласност на СОУ „Методи Митевски-Брицо“-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици;

14. **Одлука** за давање согласност на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици;

15. **Одлука** за давање согласност на ООУ „Климент Охридски“-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици;
16.**Одлука** за престанок на мандат на член на Советот на Општина Делчево;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 08—1504 /1
08 .07.2022 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

1.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005, 04/2008, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Сл.весник на РСМ 151/21), Советот на Општина Делчево на единаесеттата седница одржана на 07.07.2022 година, донесе

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина**
**за 2022 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Делчево

За 2022 година на следниот начин :

| Потпрограма / Потставка | | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **A00** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | 354.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **D00** | **ГРАДОНАЧАЛНИК** | | | | | |
| 420210 | Патување во странство - хранарина (дневница) | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | -40.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **E00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 427110 | Привремени вработувања | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J30** | **ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 386.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J80** | **ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | | | | | |
| 424230 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JL0** | **ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | | | | | |
| 486190 | Купување на други моторни возила | -1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **K10** | **БИБЛИОТЕКАРСТВО** | | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 0 | 8.340 | 0 | 0 |
| 425490 | Други здравствени услуги | 0 | -2.400 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | -19.000 | 0 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 0 | -8.340 | 0 | 0 |
| 485710 | Книги за библиотеки и учебници | 0 | 21.400 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Бр.09-1463/1
07.07.2022

Претседател на Советот на
Општината
Гоце Попов

**2.** Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на општина Делчево, Советот на општина Делчево на својата 11. седница одржана на ден 07.07.2022 година ја донесе, следната

ОДЛУКА

За утврдување на приоритет на инвестицијата

Член 1

Со оваа одлука се утврдува приоритет на проектот на инвестицијата за проектот „ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА, ДЕЛНИЦА СРЕДНИ БАВЧИ“ за аплицирање до Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот разво по Мерка 124 од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година: Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита од природните непогоди наменети за: Инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште под мерка 124.3.

Член 2

Висината на инвестицијта е до 1.000.000,00 денари без вклучен ДДВ.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен Гласник на општина Делчево“.

Бр.09-1464/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

07.07. 2022 Претседател,

Делчево Гоце Попов,с.р.

3.Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на општина Делчево, Советот на општина Делчево на својата 11. седница одржана на ден 07.07.2022 година ја донесе, следната

ОДЛУКА

За утврдување на намената на инвестицијата

Член 1

Со оваа одлука се утврдува намената на инвестицијата за проектот „ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА, ДЕЛНИЦА СРЕДНИ БАВЧИ“ за аплицирање до Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој по Мерка 124 од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година: Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита од природните непогоди наменети за: Инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште под мерка 124.3

Член 2

Висината н инвстицијта е до 1.000.000,00 денари без вклучен ДДВ.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен Гласник на општина Делчево“.

Бр.09-1465/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

07.07. 2022 Претседател,

Делчево Гоце Попов,с.р.

4. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002), а согласно барање бр.09-967/1 од 31.05.2022 година, Советот на Општина Делчево на својата 11. седница, одржана на ден 07.07.2022 година, донесе

О Д Л У К А

За одобрување на финансиски средства

на ЈЛБ „Илинден“-Делчево

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од 20.000,оо денари на ЈЛБ „ИЛИНДЕН“-Делчево.

Средствата се одобруваат за печатење на книгата „Црквите и манастирите во Пијанец и сведоштвата на царевоселци“ од Драган Арсовски.

Член 2

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Делчево.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 –1466/ 1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

07.07. 2022 година Претседател,

Делчево Гоце Попов,с.р.

5. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002), а согласно барање бр.09-967/1 од 31.05.2022 година, Советот на Општина Делчево на својата 11. седница, одржана на ден 07.07.2022 година, донесе

О Д Л У К А

За одобрување на финансиски средства на КК „Патриот 2016“ Делчево

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од **30.000,оо** денари на **на КК „Патриот 2016“ Делчево.**Средствата се одобруваат за успешната организација на завршниот турнир „**Final Four**“ за најдобрите 4 екипи на возраст до 16 години во женска конкуренција кој се одржа на 4 и 5 јуни 2022 година во Делчево.

Член 2

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Делчево, на трансакциска сметка **20003358726551- Стопанска банка АД Скопје.**

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 –1467/ 1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
07. 07. 2022 година Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

6. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002), а согласно барањето на КУД „Гоце Делчев“-Делчево за финансиска поддршка, Советот на Општина Делчево на својата 11. седница, одржана на ден 07.07.2022 година, донесе

О Д Л У К А

За финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев“-Делчево

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од **30.000** денари на **на КУД „ Гоце Делчев“- Делчево.**

Средствата се одобруваат за учество на повеќе реномирани меѓународни фестивали во Европа од промотивен и натпреварувачки карактер ( Драч, Р.Албанија, Јагодина, Р.Србија, Изник, Р.Турција, Добриниште и Бургас, Р.Бугарија).

Член 2

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Делчево, на трансакциска сметка 300210000017243 **Комерцијална банка АД Скопје.**

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 1468/ 1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**07.07. 2022 година** **Претседател,**

**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

7. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002), а согласно барање УП1 бр.21-204 од 17.06.2022 година, Советот на Општина Делчево на својата 11. седница, одржана на ден 07 .07.2022 година, донесе

О Д Л У К А

За одобрување на финансиски средства

на Аце Трајановски

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од 3.000 денари на Аце Трајановски од Делчево.

Средствата се одобруваат за болничко лекување и набавка на лекови.

Член 2

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Делчево, на трансакциска сметка 240167019281055- УНИ банка АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 –1469 / 1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

07.07. 2022 година Претседател,

Делчево Гоце Попов,с.р.

8.Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 63 став 5 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр. 161/19 и 229/20), член 15 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на својата 11-та седница, одржана на ден 07.07.2022 година, донесе

О Д Л У К А

За утврдување на реони во општинските основните училишта од Општина Делчево

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат реоните на општинските основните училишта со кои се опфаќаат учениците од основните училишта на целата територија на Општина Делчево.

Член 2

Реонот на централното општинското основно училиште „Св.Климент Охридски“ Општина Делчево ја опфаќа територијата на населените места:

**Реон „Милково Брдо“**

1.Ул„Вера Јоциќ ..................................сите броеви..................... од 001 до крај.
2.Ул„ Даме Груев“................................сите броеви...................... од 001 до крај.
3.Ул.„М.М. Брицо“................................сите броеви....................... од 001 до крај.
4.Ул.„Питу Гули“..................................сите броеви...................... од 001 до крај.
5.Ул.„Кочо Рацин“................................сите броеви ..................... од 001 до крај.
6 Ул.„Гоце Делчев“................................сите броеви...................... од 001 до крај.
7.Ул„Македонска“.................................сите броеви..................... од 001 до крај.
8 Ул„Благој Стоименов“........................сите броеви...................... од 001 до крај.
9.Ул„Пере Тошев“.................................сите броеви....................... од 001 до крај.
10.Ул„Климент Охридски“....................сите броеви...................... од 001 до крај.
11.Ул„Браќа Миладинови“..................сите броеви......................... од 001 до крај.
12.Ул„Рударска“....................................сите броеви ...................... од 001 до крај.
13.Ул„Кирил и Методиј“........................сите броеви........................ од 001 до крај.
14.Ул„Велко Влаховиќ“.........................сите броеви........................ од 001 до крај.
15. ул.„Разловечко Востание“................сите броеви....................... од 001 до крај.
16.Ул„Глигор Прличев“...........................сите боеви......................... од 001 до крај.
17.Ул„Партизанска“...............................сите броеви....................... од 001 до крај.
18.Ул„ Пролетерска“...............................сите броеви...................... од 001 до крај..
19.Ул„Првомајска“...................................сите броеви...................... од 001 до крај.
20.Ул„Гоце Делчев„.................................сите броеви ..................... од 001 до крај.
21. Ул.„Ѓорче Петров“........................... сите броеви........................ од 001 до крај.

**Реон„ Ново Делчево“**

1.Ул„Орце Николов“.................................сите броеви............................. од 001 до крај.
2.Ул„Ленинова“........................................сите броеви.............................. од 001 до крај.
3:Ул„Осоговска“.........................................сите броеви............................ од 001 до крај.
4.Ул„Пијанечка“.........................................сите броеви............................ од 001 до крај.
5.Ул„Пиринска“.........................................сите броеви ............................ од 001 до крај.
6.Ул„Скопска“.............................................сите броеви........................... од 001 до крај.
7.Ул„Белградска“..........................................сите броеви........................... од 001 до крај.
8.Ул„Загребачка“.........................................сите броеви........................... од 001 до крај.
9.Ул„Трст“......................................................сите броеви......................... од 001 до крај.
10..Ул„19 Октомври“......................................сите броеви........................ од 001 до крај.
11.Ул.„Лика Чопова“.......................................сите броеви....................... од 001 до крај.
12.Ул„Методи Митевски Брицо“.....................сите броеви........................ од 001 до крај
13.Ул„Булевар Македонија“.............................сите броеви...................... од 001 до крај
14.ул.„Кеј на ослободување“............................сите броеви....................... од 001 до крај
15.Ул„Охридска“..................................................сите броеви..................... од 001 до крај
16.Ул„Титоградска“............................................сите броеви...................... од 001 до крај

**Реон„ Пролет“**

1.Ул„4 Јули“:..............................................сите броеви............................ од 001 до крај.
2.Ул„Пролет“.............................................сите броеви.............................. од 001 до крај.
3.Ул„Борнова“............................................сите броеви............................ од 001 до крај.
4.Ул„Цар Самоил“..........................................сите броеви......................... од 001 до крај.

5.ул„Илија Такев-Илиев“................................сите броеви.......................... од 001 до крај.
6.ул„Мајка Тереза“.........................................сите броеви.......................... од 001 до крај.

Реон„ Звегорска Река“

1.Ул„Михаило Апостолски“............................сите броеви.......................... од 001 до крај.
2.Ул„Борис Трајковски“....................................ситеброеви........................ од 001 до крај.
3.Ул„Васил Главинов“..................................сите броеви............................ од 001 до крај.
4.Ул„Свети Пантелејмон“................................сите броеви......................... од 001 до крај.
5.Ул„Јагодинска’...............................................сите броеви........................ од 001 до крај.
6.Ул„Кемал Ататурк“........................................сите броеви........................ од 001 до крај.
7.Ул„Султанија“...........................................сите броеви............................ од 001 до крај.

Учениците од прво до деветто одделение од овие реони се запишуваат во централното општинско основно училиште „Св.Климент Охридски“ Општина Делчево.

Член 3
Реон село Стамер

Реонот на подрачното основно училиште„Св.Климент Охридски“ Општина Делчево село Стамер од прво до петто одделение ја опфаќа триторијата на село Стамер .

Член 4

Реон село Град

Реонот на подрачното општинското основно училиште „Св.Климент Охридски“ Општина Делчево село Град од прво до деветто одделение ја опфака територијата на село Град, село Стамер од шестто до деветто одделение, село Вирче од шестто до деветто одделение.

Член 5
Реон село Вирче

Реонот на подрачното општинското основно училиште „Св.Климент Охридскиски“ Општина Делчево село Вирче од прво до петто одделение ја опфаќа територијата на село Вирче.

Член 6
Реон село Трaботивиште

Реонот на подрачното општинското основно училиште „Св.Климент Охридски“ Општина Делчево село Трaботивиште од прво до деветто одделение ја опфаќа територијата село Трaботивиште, село Стар Истевник, село Нов Истевник.

Член 7
Реон село Разловци

Реонот на подрачното општинско основно училиште „Св.Климент Охридски“ Општина Делчево село Разловци од прво до деветто одделение ја опфаќа територијата на село Разловци.

Член 8

Реонот на централното општинско основно училиште „Ванчо Прке“ Општина Делчево ја опфаќа територијата на населените места:

Реон Ново Делчево

1.Ул.„Никола Јонков Вапцаров„..........................сите броеви.................. од 001 до крај.
2. Ул.„Светозар Марковиќ„................................сите броеви.................. од 001 до крај.

Први реон

1.Ул„Голачка“...........................................сите броеви............................. од 001 до крај.
2.Ул„Разловечка“.......................................сите броеви............................ од 001 до крај.
3.Ул„11 Октомври“....................................сите броеви............................ од 001 до крај.
4.Ул..„29 Ноември“.....................................сите броеви............................ од 001 до крај.
5.Ул.„Солунска“..........................................сите броеви ........................... од 001 до крај.
6.Ул.„Иво Лола Рибар“...............................сите броеви............................ од 001 до крај.
7.„Јане Сандански“.....................................сите броеви........................... од 001 до крај.

Втори реон

1.Ул.„Ванчо Прке“.......................................сите броеви........................... од 001 до крај.
2.Ул.„Брегалничка“......................................сите броеви........................... од 001 до крај.
3.Ул.„Мирче Ацев“........................................сите броеви .......................... од 001 до крај.

Трети реон

1.Ул.„Острец“..................................................сите броеви......................... од 001 до крај.
2.Ул.„Плачковица“............................................сите броеви...................... од 001 до крај.
3.Ул.„Паланечка“.................................................сите броеви.................. од 001 до крај.
4.Ул„Илинденска“..............................................сите броеви .................. од 001 до крај.
5.Ул„Влаинска“....................................................сите броеви................. од 001 до крај.
6.Ул„Кеј на Брегалница“...................................сите броеви.................... од 001 до крај.
7.Ул.„Царевоселска“...........................................сите броеви................... од 001 до крај.
8.Ул„Малешевска“..............................................сите броеви.................... од 001 до крај.
9.Ул.„Генерал Темпо“.........................................сите броеви................... од 001 до крај.

Улицата „Маршал Тито“ ги опфаќа реоните „Први реон“,„Втори реон“ ,„Трети реон“ населба„ Стрелиште“ населба „Таушанско маало“.
..........................................................................................сите броеви.................. од 001 до крај.

Реон Расадник

1.Ул„Кузман Јосифовски-Питу“................................сите броеви ............... од 001 до крај.
2.Ул„„Грозданец“.......................................................сите броеви................ од 001 до крај.
3.Ул.„Борис Кидрич“...................................................сите броеви.............. од 001 до крај.
4.Ул„Видое Смилевски-Бато“...................................сите броеви............... од 001 до крај.
5.Ул.„Христијан Тодоровски Карпош“.......................сите броеви................ од 001 до крај.
6.Ул„„Мито Хаџивасилев-Јасмин“...............................сите броеви............. од 001 до крај.
7.Ул.„Моша Пијаде“....................................................сите броеви.............. од 001 до крај.

Реон Стрелиште

1.Ул.Голем рид“.......................................................сите броеви.................. од 001 до крај.
2.Ул.„Чифличка“........................................................сите броеви.................. од 001 до крај.
3.Ул„Петрашевска“....................................................сите броеви ................. од 001 до крај.

4.Ул.„Иван Милутинувиќ“..........................................сите броеви.................. од 001 до крај.

Реон Старо пазариште
1.Ул.Крушевска“......................................................сите броеви................... од 001 до крај.
2.Ул.„8 Септември“..................................................сите броеви................. од 001 до крај.

Реон Индустриска зона
1.Ул.„Индустриска“................................................сите броеви........................ од 001 до крај.
2.Ул.„Крсте Петков Мисирков“...............................сите броеви......................... од 001 до крај.
3.Ул.„Наум Охридски“.............................................сите броеви...................... од 001 до крај.
4.Ул„Димитрије Чуповски“..........................................сите броеви................. од 001 до крај.

Реон Басарица
1.Ул„Свети Троица“......................................................сите броеви................ од 001 до крај.
2.Ул.„Селничка“.........................................................сите броеви..................... од 001 до крај.
3.Ул.„Драмечка“..........................................................сите броеви.................. од 001 до крај.
4.Ул„Киселичка“............................................................сите броеви.................. од 001 до крај.
5.Ул.„Бигланска“........................................................сите броеви...................... од 001 до крај.
6.Ул.„Ветренска“...........................................................сите броеви.................. од 001 до крај.
7.Ул.„Басаричка“......................................................сите броеви..................... од 001 до крај.

Учениците од прво до деветто одделение од овие реони се запишуваат во централното општинско основно училиште „Ванчо Прке“ Општина Делчево.

Член 9

Ученици од прво до деветто одделение во централното општинското основно училиште „Ванчо Прке“ Општина Делчево се запишуваат од територијата на селата:Чифлик, Црквенец, Полето, Очипала, Драмче, Бигла, Илијово, Киселица, Вратиславци, Косово Дабје, Шопје иТурија.

Член 10

Реон село Ѕвегор

Реонот на подрачното општинското основно училиште “Ванчо Прке“ Општина Делчево село Ѕвегор од прво до петто одделение ја опфаќа територијата на село Ѕвегор.

Член 11

Реон село Габрово

Реонот на подрачното општинското основно училиште „Ванчо Прке“ Општина Делчево село Габрово од прво до петто одделение ја опфаќа територијата на село Габрово.

Член 12

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Заклучок за утврдување на реонизација на основните училишта во кои се запишуваат ученици бр.08-353 од 10.05 1996 година.

Член 13

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 – 1470/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

07.07.2022 година Претседател,

Делчево Гоце Попов ,с.р.

9. Врз основа на член 94 став 4 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и Службен весник на РСМ бр.275/19 и 90/20"), Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на уредување на висината за трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденоста („Службен весник на РМ бр.193/2016, 72/2018 и 16/2022"), член 59 став 13 од Законот за градење („Службен весник на РМ бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018 и Службен весник на РСМ бр.244/2019 и 18/2020"), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/2002"), член 15 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" бр.15/13 и 2/2019), Советот на Општина Делчево на 11. седница одржана на ден 07.07.2022 година, донесе

## ОДЛУКА

### за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на одобрение за градење на Пречистителна станица за вода за пиење со намена Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдување (станица за пречистување и дезинфекција) – административна зграда, КО Тработивиште во општина Делчево

Член 1

Со оваа Одлука инвеститорот Општина Делчево се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на Пречистителна станица за вода за пиење со намена Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдување (станица за пречистување и дезинфекција) – административна зграда, КО Тработивиште во општина Делчево и за добивање на одобрение за градење на Пречистителна станица за вода за пиење со намена Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдување (станица за пречистување и дезинфекција) – административна зграда, КО Тработивиште во општина Делчево, согласно Основниот проект за изградба на административна зграда, КО Тработивиште во општина Делчево со тех. бр.0311-2021 изработен од ДПГИТКИДУ БАР Е.Ц.Е. ДООЕЛ, Скопје.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево".

Бр.09-1471/1 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.07.2022 година на Советот на Општина Делчево
Делчево Гоце Попов,с.р.

10.
Врз основа на член 5 став 3 од Законот за јавни претпријатија („Сл.весник на РМ" бр.38/96, 9/97, 6/202, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/2018) и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 11.редовна седница, одржана на ден 07.07.2022 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Тримесечниот извештај за**
**финансиското работење на ЈКП „Брегалница"-Делчево**
**за период 01.01.2021 -31.03.2022**

1.Се усвојува Тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница"-Делчево за периодот 01.01.2022 -31.03.2022 година, број 0102-150/1 од 19.04.2022 година, усвоен од страна на Управниот одбор на ЈКП „Брегалница"-Делчево со Одлука број 0202-155/2 од 21.04.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09- 1472/1**
**07.07.2022 година**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Гоце Попов,с.р.**

11. Врз основа на член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник наРМ'' бр.5/02), член 7 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен весник на РМ'' бр.79/09) и член 22 од Статутот на Општината Делчево(„Службен гласник на Општина Делчево бр.15/2013 и 2/2019), Советот на Општината на својата 11.редовна седница одржана на 07.07.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање иницијатива на Советот на Општина Штип за воспоставување меѓуопштинска соработка за вршење на работи во рамките на проектот „Дигитализација на општинските услуги во Источен плански регион"**

**Член 1**

Се прифаќа иницијативата на Советот на Општина Штип за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево за вршење на работи во рамките на проектот „Дигитализација на општинските услуги во Источен плански регион".

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 - 1473/1
07.07.2022 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател
Гоце Попов ,с.р.

12. Врз основа на член 32 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево„ бр.15/2013, 2/2019 I 1/2021) и член 9 став 2 од Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.1/2018 и 7/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 11. седница, одржана на ден 07.07.2022 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
За именување на членови на Комисијата за доделување на награди и признанија
на Општина Делчево

I.За членови на Комисијата за доделување на награди и признанија на Општина Делчево се именуваат:

1. Кирил Тренчевски- претседател (претставник од Советот на Општина Делчево);
2. Иван Гоцевски - член(претставник на Советот на Општина Делчево);
3. Гоце Стоилов - член ( претставник од редот на истакнати научни, просветни, културни и спортски работници);
4. Љупчо Петровски- член ( претставник од редот на истакнати научни, просветни, културни и спортски работници);
5. Маријана Стоименовска - член ( претставник од редот на истакнати научни, просветни, културни и спортски работници);
6. Ивана Ивановска-член (претставник од вработените во Општина Делчево);
7. Тони Стоименовски-член (претставник од вработените во Општина Делчево),

II.Мандатот на членовите на Комисијата за доделување на награди и признанија на Општина Делчево трае 4 (четири) години;

III.Надлежностите на Комисијата се уредени во Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.1/2018 и 7/2021).

IV.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево„.

Број 09- 1474 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО

07.07.2022 година Претседател
Делчево Гоце Попов ,с.р.

13. Врз основа на член 28 од Законот за средно образование – Консолидиран текст ( 2/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/2020), Советот на Општина Делчево, на својата 11.седница, одржана на ден 07.07.2022 година, донесе,

ОДЛУКА

За давање согласност на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево

за формирање на паралелки со помал број на ученици

Член 1

Заради намален број на ученици запишани во СОУ Методи Митевски Брицо Делчево, во учебната 2022-2023, од Советот на Општина Делчево се бара согласност за формирање на парелелки со помал број на ученици од законски утврдениот број согласно член 28 став 2 од Законот за средно образование-Консолидиран текст и тоа:

| Образование/образовен профил | Година | паралелка | Број на ученици |
|---|---|---|---|
| Гимназиско образование - природно-математичко подрачје -Б | I | I-1 | 13 |
| Гимназиско образование<br><br>-природно-математичко подрачје - А | I | I-2 | 20 |
| Гимназиско образование<br><br>-природно математичко подрачје комбинација А и општествено хуманистчко - комбинација А (**комбинирана**) | I | I-3 | 16 |
| Гимназиско образование | I | I-4 | 14 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| општествено хуманистчко - комбинација А | | | |
| **Стручно образование**<br><br>-текстилно-кожарска струка техничар за изработка на облека- (дуална паралелка) **комбинирана** | I | I-5 | 10 |
| ВКУПНО | 5 | | 10<br><br>73 |
| **Гимназиско образование** | | | |
| **Гимназиско/** Природно-математичко подрачје комбинација А | II | II-1 | 18 |
| **Гимназиско/** Природно-математичко подрачје комбинација А | II | II-2 | 16 |
| **Гимназиско/** Природно-математичко подрачје комбинација А | II | II-3 | 22 |
| **Гимназиско/** Општествено хуманистичко подрачје комбинација А | II | II-4 | 18 |
| **Стручно образование**/текстилно-кожарска струка-техничар за изработка на облека | II | II-5 | 16 |
| **Стручно образование/**хемиско-технолошка струка/прехранбен техничар/дуална паралелка | II | II-6 | 21 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ВКУПНО | 6 | | ВКУПНО 111 |
| **Гимназиско образование**<br><br>Природно-математичко подрачје комбинација А | III | III-1 | 22 |
| **Гимназиско образование**<br><br>Природно-математичко подрачје комбинација А и природно математичко подрачје комбинација Б/ комбинирана | III | III-2 | 10 |
| **Гимназиско образование**<br><br>Општествено-хуманистичко подрачје комбинација А | III | III-3 | 13 |
| **Гимназиско образование/**<br><br>Општествено-хуманистичко подрачје комбинација А | III | III-4 | 17 |
| **Гимназиско образование/**<br><br>Општествено-хуманистичко подрачје комбинација А | III | III-5 | 17 |
| **Стручно образование**<br><br>текстилно-кожарска техничар за изработка на облека и хемиско технолошка струка- пехранбен техничар/комбинирана паралелка | III | III-6<br><br>ВКУПНО 6 | 10<br><br>ВКУПНО 89 |
| **Гимназиско образование**<br><br>Природно-математичко подрачје комбинација А | IV | IV-1 | 21 |
| **Гимназиско образование** | IV | IV-2 | 16 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Природно-математичко подрачје Б | | | |
| **Гимназиско образование**<br><br>општествено-хуманистичко подрачје комбинација А | IV | IV-3 | 18 |
| **Гимназиско образование**<br><br>општествено-хуманистичко подрачје комбинација А | IV | IV-4 | 22 |
| **Гимназиско образование**<br><br>општествено-хуманистичко подрачје комбинација А | IV | IV-5 | 19 |
| **Стручно образование**<br><br>Текстилно-кожарска струка-техничар за изработка на облека/ и хемиско-технолошка струка - прехранбен техничар / комбинирана<br><br>**СЕ ВКУПНО ЗА УЧИЛИШТЕТО** | IV | IV-6<br><br>**ВКУПНО 6**<br><br>**24** | 14<br><br>**ВКУПНО 110**<br><br>**382** |

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 1475/ 1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**07.07.2022 год.** **Претседател,**

**Д е л ч е в о** **Гоце Попов,с.р.**

**14.** Врз основа на член 53 став и 7 од Законот за основното образование- („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011, 51/2011; 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016,67/2017 и „Сл.весник на РСМ“ 161/19 и 229/20),

член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019, 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 11.редовна седница, одржана на ден 07.07.2022 година, донесе

ОДЛУКА

за давање согласност на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево

за формирање паралелки со помалброј на ученици

Член 1

Заради намален број на ученици запишани во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево, во учебната 2022-2023, Советот на Општина Делчево дава согласност за формирање на парелелки со помал број на ученици од законски утврдениот и тоа:

| Основно училиште | Паралелки | Број на ученици |
|---|---|---|
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | I 1 | 14 |
| | I 2 | 14 |
| | I 3 | 15 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | II 1 | 16 |
| | II 2 | 14 |
| | II 3 | 17 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | III 1 | 13 |
| | III2 | 12 |
| | III 3 | 13 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | IV 1 | 14 |
| | IV 2 | 20 |
| | IV 3 | 16 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | V 1 | 20 |
| | V 2 | 21 |
| | V 3 | 16 |

| | | |
|---|---|---|
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | VI 1 | 10 |
| | VI 2 | 11 |
| | VI 3 | 11 |
| | VI 4 | 10 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | VII 1 | 19 |
| | VII 2 | 14 |
| | VII 3 | 19 |
| | VII 4 | 10 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | VIII 1 | 14 |
| | VIII 2 | 12 |
| | VIII 3 | 15 |
| | VIII 4 | 16 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | IX 1 | 19 |
| | IX 2 | 17 |
| | IX 3 | 19 |
| | IX 4 | 17 |
| ПУ „Ванчо Прке“ - Ѕвегор | I | 1 |
| | II | 7 |
| | III | 5 |
| | IV | 1 |
| | V | 3 |
| ПУ Ванчо Прке – Габрово | I | 0 |
| | II | 3 |
| | III | 1 |
| | IV | 5 |
| | V | 0 |

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Бр.09-1476/ 1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

07.07.2022 год. Претседател,

Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

15. Врз основа на член 53 став и 7 од Законот за основното образование- („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011, 51/2011; 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016,67/2017 и „Сл.весник на РСМ“ 161/19 и 229/20), член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019, 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 11.редовна седница, одржана на ден 07.07.2022 година, донесе

ОДЛУКА

**за давање на согласносот за формирање на паралелки со помал број на ученици на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево**

Член 1

Се дава согласност за формирање на **чисти паралелки** од 1 до 9 одделние, **со помалку од 20 ученици** на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево во учебната 2022/23 година, дадени во ***Преглед 1*** и тоа:

- **Во ООУ„Св.Климент Охридски“-Делчево**, **Централно Општинско Училиште (ЦОУ)** се формираат по 3 (три) паралелки во I, II, III, IV, V, VI, VII, VIII и IX одделние, односно вкупно **27 (дваесет и седум)** паралелки од I до IX одделение;
- Во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево, **Подрачно училиште (ПУ) с.Град** се формира по 1 (една) паралелка во I, VI, VII, VIII и IX одделение, или вкупно **7 (седум) паралелки.**
- Во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево, Подрачно училиште(ПУ) **с.Трабroom** се формира по 1 (една) паралелка во, I, II, III, IV, V, VI, VII, VIII и IX, или вкупно 9 **(девет) паралелки** од I до IX одделение;
- Во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево,**Подрачно училиште (ПУ) с.Разловци** се формира по 1(една) паралелка во I, II, III, VI, VII, VIII и IX одделение или вкупно 7 **(девет) паралелки.**
- Во ООУ Св.Климент Охридски“-Делчево,**Подрачно училиште (ПУ) с.Вирче** се формира 1 (една) паралелка во III одделение или вкупно 1 (една) паралелка.

Член 2

Се дава согласност за формирање на чисти паралелки за ученици со **посебни потреби**, од 7-9 одделение **со помалку од 10 ученици** во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево во учебната 2022/23 година, дадени во ***Преглед 1-А*** и тоа:

- **Во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево**, Централно Општинско Училиште(ЦОУ) се формираат по 1(една) паралелка VII, VIII и IX одделение, односно вкупно 3 **(три)** паралелки од VII до IX одделение;

Член 3

Се дава согласност за формирање на **комбинирани паралелки**, **од 1-5 одделение** , во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево во учебната 2022/23 година,дадени во ***Преглед 2*** и тоа:

-Во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево, **Подрачно училиште (ПУ) с.Разловци** се формира 1 (една) комбинирана паралелка во I и II одделение, **односно вкупно 1 паралелка со 5 ученици.**

- Во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево, **Подрачно училиште (ПУ) с. Стамер** се формира 1 (една) комбинирана паралелка во I и II одделение и 1 (една) паралелка со 3 ученици и една комбинирана паралелка во III I IV со 5 ученици, **односно вкупно 2 комбинирани паралелки со 8 ученици.**
- Во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево, Подрачно училиште(ПУ) **с.Град** се формира 1(една) комбинирана паралелка во IV и V одделение, односно вкупно 1 **комбинирана паралелка со 4 ученици**.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Делчево".

**Број 09- 1477/1** **Совет на општина Делчево**

**07.07.2022 год.** **Претседател**

**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

16.Врз основа на член 46 став 1 точка 1 и став 2 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 29 од Деловникот на Советот на Општина Делчево, и Известувањето бр.09-1446/1 од 06.07.2022 поднесено од страна на **Сања Николовска** на ден 06.07.2022 година, доставено до Претседателот на Советот на општина Делчево, Советот на Општина Делчево, на својата 11.редовна седница, одржана на ден 07.07. 2022 година, донесе

ОДЛУКА

за престанок на мандат

на член на Советот на Општина Делчево

Член 1

Со ова одлука ѝ престанува мандатот на **Сања Николовска,** член на Советот на Општина Делчево, избран од листата на политичката партија **Левица**.

Мандатот на членот на Советот престанува со денот на одржувањето на седницата, т.е. заклучно со 07.07.2022 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 09-1478 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

07.07.2022 год. Претседател,

Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.